## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 28 јуни 2019 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: мај 2019 година

- Во мај, продолжи трендот на намалување на просечната каматна стапка на вкупните кредити, којашто оствари месечен пад од 0,03 п.п. и изнесува 5,20%. На годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,41 п.п. Просечната каматна стапка на вкупните депозити овој месец е непроменета во однос на април и изнесува 1,41%, додека во однос на мај минатата година е намалена за 0,05 п.п.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити, во мај, забележа месечен пад од 0,03 п.п. и изнесува 4,68%, додека на годишно ниво се намали за 0,25 п.п. Кај просечната каматна стапка на новопримените депозити е забележан месечен раст од 0,04 п.п. и таа изнесува 1,31%. На годишна основа каматната стапка е намалена за 0,12 п.п.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3]

| | 5.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018 | 1.2019 | 2.2019 | 3.2019 | 4.2019 | 5.2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.61** | **5.57** | **5.46** | **5.33** | **5.30** | **5.28** | **5.26** | **5.23** | **5.20** |
| Корпоративен сектор | 4.96 | 4.92 | 4.77 | 4.63 | 4.59 | 4.57 | 4.54 | 4.52 | 4.48 |
| Домаќинства | 6.29 | 6.25 | 6.17 | 6.08 | 6.03 | 6.02 | 6.01 | 5.98 | 5.94 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.93** | **4.97** | **4.86** | **4.49** | **4.77** | **4.76** | **4.84** | **4.71** | **4.68** |
| Корпоративен сектор | 4.59 | 4.64 | 4.58 | 4.30 | 4.43 | 4.33 | 4.53 | 4.31 | 4.34 |
| Домаќинства | 5.57 | 5.53 | 5.39 | 5.03 | 5.41 | 5.54 | 5.49 | 5.35 | 5.18 |
| **Вкупни депозити** | **1.46** | **1.45** | **1.42** | **1.41** | **1.42** | **1.42** | **1.42** | **1.41** | **1.41** |
| Корпоративен сектор | 1.69 | 1.63 | 1.71 | 1.69 | 1.72 | 1.74 | 1.74 | 1.70 | 1.61 |
| Домаќинства | 1.43 | 1.43 | 1.39 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 |
| **Новопримени депозити** | **1.43** | **1.29** | **1.57** | **1.40** | **1.44** | **1.56** | **1.42** | **1.27** | **1.31** |
| Корпоративен сектор | 1.39 | 0.89 | 1.49 | 1.04 | 1.29 | 1.26 | 1.15 | 1.02 | 1.12 |
| Домаќинства | 1.48 | 1.55 | 1.60 | 1.60 | 1.49 | 1.69 | 1.63 | 1.48 | 1.50 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[4]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор, во мај, забележа месечен пад од 0,04 п.п. и изнесува 4,48%. Надолната промена произлегува од намалувањето кај сите нејзини компоненти: каматните стапки на кредитите одобрени во денари со валутна клаузула (за 0,05 п.п.), кредитите одобрени во денари без валутна клаузула (за 0,04 п.п.) и кредитите во странска валута (за 0,03 п.п.). Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор е пониска за 0,48 п.п. во однос на мај 2018 година.







Извор: НБРСМ.

– Во мај, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор изнесува 4,34%, што преставува месечен раст од 0,03 п.п. Анализирано од аспект на валутната структура, зголемувањето на месечна основа во целост произлегува од растот на каматната стапка на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,12 п.п.), при остварен пад кај каматните стапки на кредитите во странска валута и денарските кредити со валутна клаузула (за 0,25 п.п. и 0,20 п.п., соодветно). Анализирано на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,25 п.п.







Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, во мај 2019 година, изнесува 1,61% и во споредба со минатиот месец бележи намалување од 0,09 п.п. Намалувањето е резултат на сите компоненти во оваа категорија, и тоа: каматната стапка на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,10 п.п.), каматната стапка на депозитите во странска валута (за 0,05 п.п.), како и на каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,03 п.п.). Во споредба со истиот месец минатата година, каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор забележа пад од 0,08 п.п.

– Во мај годинава, просечната каматна стапка на новопримените депозити[5] на корпоративниот сектор се зголеми за 0,10 п.п. и изнесува 1,12%. Зголемувањето е резултат на сите компоненти во рамки на оваа категорија: каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула, како и на каматната стапка на девизните депозити (за 0,26 п.п., 0,10 п.п. и 0,02 п.п., соодветно). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,27 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[6]







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата, во мај, бележи намалување од 0,04 п.п. и изнесува 5,94%. Месечното намалување произлегува од падот кај сите каматни стапки, и тоа: на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,04 п.п., соодветно), како и на кредитите во странска валута (за 0,02 п.п.). Кај оваа каматна стапка, на годишна основа е забележано намалување од 0,35 п.п.

---

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Во мај, кај просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е забележано намалување на месечна основа од 0,17 п.п. и таа изнесува 5,18%. Остварениот месечен пад во целост произлегува од намалувањето на каматната стапка на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,22 п.п.), којшто го надминува растот на каматните стапки на девизните кредити и денарските кредити со валутна клаузула (за 0,24 п.п. и 0,10 п.п., соодветно). Во однос на мај 2018 година, каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е намалена за 0,39 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити од домаќинствата, во мај, не забележа месечна промена и седми месец по ред се задржува на истото ниво од 1,38%. Оваа каматна стапка на годишно ниво е намалена за 0,05 п.п.

– Во мај, просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата[7] изнесува 1,50% и забележа мал месечен раст од 0,02 п.п. Притоа, нагорната промена е резултат на растот кај каматната стапка на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,03 п.п.), при пад кај каматната стапка на девизните депозити (за 0,12 п.п.). Исто така, каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула во мај изнесува 1,00%, за разлика од претходниот месец кога банките и штедилниците не примиле ваков вид депозити. На годишна основа, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е зголемена за 0,02 п.п.

[7] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 јули 2019 година (референтен пресек заклучно со јуни 2019 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/108).